# Упатство за поврзување на програмата за капитација што работи со PostgreSQL база на податоци во мрежа

Базата на податоци PostgeSQL се инсталира само на серверот. Тој треба да има статичка IP адреса. За комуникација со останатите компјутери во мрежата се користи портот 5432. Доколку на серверот има firewall или антивирусна програма која го блокира портот 5432 конекции од останатите компјутери нема да бидат дозволени. За да се овозможи мрежно поврзување треба да се дозволи комуникација на порт 5432 во firewal-от и /или антивирусната програма. Доколку ова успешно се направи клиентите без проблем ќе се поврзат.

На клиентскиот компјутер се копира фајлот kasoftplus.ini во фолдерот c:\kasoftplus. Потоа се копира exe верзијата од програмата и се стартува. На екранот ќе се појави:




Кај Remote IP се пишува IP адресата на компјутерот кој е сервер(IP адресата треба да биде статичка), и се клика на Connect.

Втор начин на внесување на IP адресата на серверот е директно во ini фајлот. Еве ја структурата на ini фајлот:

[server]
IP=localhost
[printer]
komp=1

Во секцијата за сервер има дела IP= , овде треба да се внесе IP адресата на серверот и да се сними фајлот. На пример, ако IP адресата на серверот е 192.168.1.10, ini фајлот треба да изгледа вака:
[server]
IP=192.168.1.10
[printer]
komp=1

IP адресата на серверот не треба да се менува и треба да остане таква каква што била кога се инсталирал PostgreSQL серверот.